Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ “бр. 5/2002), член 43 став 1 точка 22 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден ___.12.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

за јавно осветлување за 2025 година
на подрачјето на Општина Демир Хисар

Со оваа Програма се утврдуваат работите по однос на јавното осветлување на територијата на Општина Демир Хисар, кои се предвидуваат да се одвиваат во две нивоа:

1.Контрола

-на потрошена електрична енергија;
-на техничка исправност на светилките и инсталациите;

2.Одржување на јавното осветлување

Двете предвидени нивоа ќе се реализираат по Урбани и месни единици, сукцесивно према извештајот од контролата, а согласно прибраните средства.

АД ЕВН, КЕЦ-Битола ги прибира средствата на име комунална такса за јавно осветлување и истите ги уплаќа согласно Законските прописи, на сметка на Буџетот на Општина Демир Хисар.

Спрема регистрираните потрошувачи на територијата на Општина Демир Хисар, за 2025 година се предвидува да се приберат околу **9.000.000,00** денари од кои еден дел ќе се распределат за:

| | |
|---|---|
| -Потрошена електрична енергија | 3.100.000,00 ден. |
| -Одржување на јавно осветлување | 400.000,00 ден. |

**1.Контрола**

-потрошена електрична енергија;
-евидентирање на број и местоположба на броилата;
-евидентирање на состојба на броилата еднаш во месецот;
-евидентирање на диви приклучоци на уличната мрежа.
-техничка исправност на мрежата;
-техничка исправност на броилата;
-техничка исправност на улични светилки;
-техничка исправност на декоративни светилки;
-техничка исправност на опремата.

Извештајот на извршена контрола еднаш месечно.

**2.Одржување на улично осветлување**

а.) Јавно осветлување и

б.) Декоративно осветлување.

Набавката на материјалите за предвидените работи по оваа Програма ќе биде извршена преку распишување на тендер.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Демир Хисар “.

Бр.17-____/__
___.12.2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски